Ст.бр.18/2023

Р.

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО, и тоа стечајниот судија Павле Рафајлоски, решавајќи по предлогот поднесен од предлагачот – должникот, преку полномошник Адвокат Јелисава Трајкоска Илиоска од Кичево, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за угостителство, трговија и услуги „ШЕ&ФИ-КАЉАЈА“ ДООЕЛ увоз-извоз с.Зајас, Кичево, по одржаната расправа, во присуство на полномошник Адвокат Јелисава Трајкоска Илиоска од Кичево и времениот стечаен управник Јосип Димитровски од Битола, на рочиштето одржано на ден 01.11.2023 година донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

Над должникот Друштво за угостителство, трговија и услуги „ШЕ&ФИ-КАЉАЈА“ ДООЕЛ увоз-извоз с.Зајас, Кичево, со седиште на с.Зајас, Кичево со ЕМБС 6675980 и ЕДБ 4051011500267, основано на 10.02.2011 година, приходна шифра 56.10, со трансакциски сметки со броеви: 270066759800195 при Халк Банка АД Скопје и 280120101012174 при Силк Роуд Банка АД Скопје, СЕ ОТВАРА стечајна постапка. Стечајната постапка не се спроведува и се ЗАКЛУЧУВА.

По правосилноста на решението Централен регистар РК Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението Халк банка банка АД Скопје и Силк Роуд Банка АД Скопје да ги згаснат трансакционите сметки на должникот а доколку има средства на нив, истите да ги префрлат на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот, преку полномошник Адвокат Јелисава Трајкоска Илиоска од Кичево поднесе предлог за отворање стечајна постапка над должникот заради неликвидност.

Судот по добивањето на предлогот определи времен стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачот остана при наводите на предлогот, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 01.11.2023 година при што утврди дека се исполнети условите од чл. 5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, односно дека на должникот му престои идна неликвидност.

Од извештајот на времениот стечаен управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен ни за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ бр. 18/2023 од 01.11.2023 година.

Стечаен судија,
Павле Рафајлоски

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на ова решение преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

ДНА: Предлагачот - полномошникот, стечаен управник, Огласна табла и веб страна на Основен Суд Кичево, УЈП-Кичево, по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ РК Гостивар, Халк банка банка АД Скопје и Силк Роуд Банка АД Скопје.